Службен весник на Република Македонија

Број 56 **27 март 2014, четврток** **година LXX**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

СОДРЖИНА

		Стр.
1731.	**Уредба** за личностите и објектите што се обезбедуваат, видовите на мерки и активности и степените на обезбедување	**2**
1732.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Инспекциски совет	**6**
1733.	**Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на водење на евиденциите на Полицијата и формата и содржината на образецот на евиденциите на Полицијата	**6**
1734.	**Листи** за дополнување на Листите за класификација на супстанции и растенија во листите од меѓународните конвенции за опојни дроги и прихотропни супстанции во категорија на опојни дроги и психотропни супстанции	**13**
1735.	**Правилник** за начинот на следењето на наставата, полагањето на испитите за педагошко - психолошка и методска подготовка, како и начинот на акредитација на високообразовните установи	**15**
1736.	**Правилник** за начинот на следењето на наставата, полагањето на испитите за педагошко - психолошка и методска подготовка, како и начинот на акредитација на високообразовните установи	**16**
1737.	**Одлука** за изменување и дополнување на Одлуките за формирање на општинските изборни комисии	**16**
1738.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија	**17**
1739.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија	**17**
1740.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија	**17**
1741.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија	**18**
1742.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија	**18**
1743.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија	**18**
1744.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија	**18**

		Стр.
1745.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија	18
1746.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија	18
1747.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија	19
1748.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија	19
1749.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија	19
1750.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија	19
1751.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија	19
1752.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија	20
1753.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија	20
1754.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија	20
1755.	**Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на барањето за основање на депозитар на хартии од вредност	20
1756.	**Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за определување на задолжителна структура и начинот на пресметка на основната главнина на берза и на средствата што ја сочинуваат основната главнина на берзата	21
1757.	**Решение** за забрана на увоз на храна која содржи или се состои од листови бетел (PIPER BETLE) од Бангладеш (*)	21
1758.	**Решение** за изменување и дополнување на Решението за преземање на безбедносни мерки при увоз и транзит заради заштита од внесување на вирусот на африканска свинска чума во Република Македонија од одредени трети земји и делови од трети земји (*)	21
1759.	**Наредба** за изменување на Годишната наредба за здравствена заштита на животните во 2014 година	24
	Огласен дел	1-104

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1731.

Врз основа на член 127 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија" бр. 114/2006, 6/2009, 145/2012 и 41/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.3.2014 година, донесе

У Р Е Д Б А
ЗА ЛИЧНОСТИТЕ И ОБЈЕКТИТЕ ШТО СЕ ОБЕЗБЕДУВААТ, ВИДОВИТЕ НА МЕРКИ И АКТИВНОСТИ И СТЕПЕНИТЕ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа уредба се определуваат личностите и објектите што се обезбедуваат, видовите на мерки и активности и степените на обезбедување.

Член 2

Под обезбедување на личности и објекти во смисла на оваа уредба се подразбира планирање, организирање, координирање и извршување на оперативно-превентивни, превентивно-технички, физички, здравствени и други мерки и активности со цел за обезбедување на:

- највисоките претставници на органите на државната власт на Република Македонија кога се во Република Македонија, а кога се во официјални и работни посети на странски држави во содејство и соработка со странски служби задолжени за обезбедување;
- странски државници (претседатели на држави, влади, парламенти и владетели-суверени и други носители на официјални државни функции) кои се во официјални и работни посети на Република Македонија и странски делегации од понизок ранг во работни посети од особено значење и интерес за Република Македонија, како и највисоки претставници на меѓународни организации кои се во официјални и работни посети на Република Македонија;
- седиштата на органите на државната власт и просторот околу нив, како и резиденцијалните и репрезентативните објекти и околниот простор што им припаѓа на органите на државната власт на Република Македонија;
- дипломатско-конзуларните претставништва и резиденции на Република Македонија во странство во содејство и соработка со странски служби за обезбедување врз основа на реципроцитет или склучен договор;
- странските дипломатско-конзуларни претставништва во Република Македонија и нивните резиденции врз основа на реципроцитет или склучен договор и меѓународните мисии со седиште во Република Македонија врз основа на меѓународен договор ратификуван од Република Македонија;
- манифестации од интерес за Република Македонија, во организација на органите на државната власт на Република Македонија или други правни лица на кои присуствуваат или се очекува да присуствуваат личностите кои се обезбедуваат согласно со оваа уредба и
- објекти и простори кои се од посебно значење и интерес за безбедноста и одбраната на Република Македонија.

Мерките и активностите од ставот 1 на овој член Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија ги преземаат самостојно или во соработка и содејство со други безбедносни органи, служби, правни или физички лица, секој во рамките на своите надлежности и овластувања утврдени со закон.

Член 3

За обезбедување на личностите и објектите од оваа уредба се преземаат редовни, вонредни и посебни мерки и активности за обезбедување.

По проценка на загрозеноста по безбедноста на личностите и објектите што се обезбедуваат, а во зависност од актуелната политичко-безбедносна состојба, нарушувањето на јавниот ред и мир во поголеми размери, воена или вонредна состојба, како и за време на елементарни непогоди и епидемии, се преземаат и дополнителни мерки и активности за обезбедување согласно закон.

II. ЛИЧНОСТИ КОИ СЕ ОБЕЗБЕДУВААТ

Член 4

Од страна на Министерството за внатрешни работи со редовни, вонредни и посебни мерки и активности постојано се обезбедуваат следниве личности:

- Претседателот на Република Македонија;
- претседателот на Собранието на Република Македонија;
- претседателот на Владата на Република Македонија;
- замениците на претседателот на Владата на Република Македонија;
- министерот за внатрешни работи;
- министерот за одбрана;
- министерот за надворешни работи и
- директорот на Бирото за јавна безбедност и директорот на Управата за безбедност и контраразузнавање во Министерството за внатрешни работи.

Од страна на Министерството за внатрешни работи со редовни мерки и активности за обезбедување се обезбедуваат и членовите на потесното семејство на Претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република Македонија и претседателот на Владата на Република Македонија.

Под членови на потесното семејство на личностите кои се обезбедуваат од ставот 2 на овој член во смисла на оваа уредба се подразбираат брачниот другар и децата до навршена 21 година живот.

Член 5

Врз основа на претходна безбедносна проценка изготвена од Министерството за внатрешни работи, од страна на министерот за внатрешни работи може да се определат редовни мерки и активности за обезбедување на следниве личности:

- министерот за правда;
- министерот за финансии;
- јавниот обвинител на Република Македонија и
- претседателот на Уставниот суд на Република Македонија.

За личностите од ставот 1 на овој член, во случаи кога е оценет висок степен на опасност по нивниот живот и личниот интегритет, од страна на министерот за внатрешни работи може да се определат вонредни и посебни мерки и активности за обезбедување за времетраење на опасноста.

Со вонредни мерки и активности за обезбедување се обезбедуваат и кандидатите за избор на претседател на Република Македонија за времетраење на изборната кампања.

Од страна на министерот за внатрешни работи може да се определат мерки и активности за обезбедување и за други личности кои извршуваат јавни функции по нивно барање, во зависност од безбедносната проценка, доколку е проценет висок степен на опасност по нивниот живот и личниот интегритет, а поради извршување на определени дејствија во вршењето на нивната функција.

Член 6

Од страна на Министерството за внатрешни работи со редовни мерки и активности за обезбедување се обезбедуваат и:

- Претседателот на Република Македонија по престанување на функцијата и членовите на неговото потесно семејство согласно закон и
- претседателот на Владата на Република Македонија на кого му престанала функцијата согласно закон.

За личностите од ставот 1 на овој член на кои им престанала функцијата, во случаи кога е оценет висок степен на опасност по нивниот живот и личниот интегритет, од страна на министерот за внатрешни работи може да се определат вонредни и посебни мерки и активности за обезбедување за времетраење на опасноста.

Покрај личностите од ставот 1 на овој член, од страна на министерот за внатрешни работи може да се определат редовни мерки и активности за обезбедување по престанокот на функцијата на претседателот на Собранието на Република Македонија, членови на Владата на Република Македонија, како и на други личности на кои им престанала функцијата во случаи кога е оценет висок степен на опасност по нивниот живот и личниот интегритет поради преземени определени дејствија во вршењето на нивната функција, но најдолго до една година по престанување на функцијата.

Член 7

Од страна на Министерството за внатрешни работи, во соработка и координација со Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија, со определени мерки и активности за обезбедување се обезбедуваат странските воени и меѓународни воени делегации во посета на Република Македонија.

Член 8

При примопредавање на должноста помеѓу Претседателот на Република Македонија и Претседателот на Република Македонија на кој му престанува функцијата, примопредавањето на класифицирани информации се обезбедува од страна на овластени службени лица на Министерството за одбрана, Армијата на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи.

При примопредавање на должноста помеѓу личностите кои постојано се обезбедуваат на кои им престанува функцијата и личностите кои ја преземаат соодветната функција, примопредавањето на класифицираните информации се обезбедува од страна на овластени службени лица на Министерството за внатрешни работи, а за министерот за одбрана и од страна на овластени службени лица на Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија, за што се составуваат акти во согласност со прописите од оваа област.

Овластените службени лица од ставовите 1 и 2 на овој член поседуваат безбедносен сертификат со степен на класификација во зависност од степенот на класификација на информациите што се примопредаваат.

III. ОБЈЕКТИ ШТО СЕ ОБЕЗБЕДУВААТ

Член 9

Од страна на Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија со редовни, вонредни и посебни мерки и активности за обезбедување постојано се обезбедуваат:

- работните простории на Претседателот на Република Македонија (кабинет) и
- резиденцијалниот објект во кој живее Претседателот на Република Македонија со неговото потесно семејство.

Резиденциите и репрезентативните објекти во сопственост на Република Македонија, во кои по потреба повремено престојува Претседателот на Република Македонија, постојано се обезбедуваат од страна на Ми-

нистерството за внатрешни работи, а од страна на Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија само за време на престојот на Претседателот на Република Македонија во објектите.

Член 10

Од страна на Министерството за внатрешни работи, со преземање на редовни, вонредни и посебни мерки и активности на обезбедување постојано се обезбедуваат:

- објектот на седиштето на Собранието на Република Македонија;
- објектот на седиштето на Владата на Република Македонија;
- објектите на седиштата на министерствата;
- домот во кој живее претседателот на Собранието на Република Македонија;
- домот во кој живее претседателот на Владата на Република Македонија;
- резиденциите и репрезентативните објекти што се во сопственост на Република Македонија, во кои по потреба повремено престојуваат претседателот на Собранието Република Македонија и претседателот на Владата на Република Македонија;
- објектите во кои се сместени правни лица што се од посебно значење и интерес за безбедноста на Република Македонија;
- објектите во кои се чуваат значајни документи и други материјали што преставуваат класифицирани информации, согласно со прописите за класифицирани информации и
- странските дипломатско - конзуларни претставништва, како и дипломатските мисии на меѓународните организации, врз основа на реципроцитет или ратификуван меѓународен договор.

По исклучок од ставот 1 алинеја 3 на овој член, објектот на седиштето на Министерството за одбрана се обезбедува од страна на овластени службени лица на Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија.

Во случај на нарушување на јавниот ред и мир во поголеми размери, воена или вонредна состојба, како и за време на елементарни непогоди и епидемии, за обезбедување на објектите од ставот 1 на овој член, од страна на Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија се преземаат и дополнителни мерки и активности за обезбедување согласно закон.

Член 11

Од страна на министерот за внатрешни работи или министерот за одбрана, секој во рамките на своите надлежности и овластувања утврдени со закон, може да се определи обезбедување и на други објекти од посебно значење и интерес за безбедноста и одбраната на Република Македонија.

Член 12

Дипломатско - конзуларните претставништва и резиденциите на Република Македонија во странство се обезбедуваат од страна на Министерството за внатрешни работи во содејство и соработка со странски служби за обезбедување врз основа на реципроцитет или склучен договор.

Обезбедувањето на објектите од ставот 1 на овој член и просторот околу нив, покрај физичкото обезбедување, опфаќа и оперативно-превентивни, превентивно-технички мерки и активности за механичка заштита.

Член 13

Од страна на органите на државната власт и другите правни лица чии објекти се обезбедуваат согласно одредбите од оваа уредба се обезбедуваат материјално-технички средства и опрема, логистичка поддршка, просторни и други услови за непречено извршување на работите за обезбедување на објектите.

Член 14

Обезбедувањето на објектите од членовите 9 и 10 од оваа уредба се врши со преземање на општи и посебни мерки и активности на заштита.

Општите мерки и активности на заштита се преземаат од страна на органите на државната власт и другите правни лица чии објекти се обезбедуваат и од страна на лицата кои работат во тие објекти согласно со закон.

Посебните мерки и активности на заштита се организираат и спроведуваат од страна на Министерството за внатрешни работи, односно Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија, секој во рамките на своите надлежности и овластувања утврдени со закон.

Член 15

Од страна на Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија се следи спроведувањето на мерките и активностите за обезбедување во објектите кои се од посебно значење и интерес за безбедноста и одбраната на Република Македонија, секој во рамките на своите надлежности и овластувања утврдени со закон.

IV. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЛИЧНОСТИ И ОБЈЕКТИ

Член 16

Од страна на овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија се преземаат мерки и активности за обезбедување, со цел:

- создавање на безбедносни услови за непречено одвивање на активностите на личностите кои се обезбедуваат согласно оваа уредба;
- овозможување заштита на личностите кои се обезбедуваат согласно оваа уредба во објектите каде што престојуваат и при нивното движење до одредена дестинација;
- обезбедување на личната сигурност на другите лица кои по разни основи престојуваат во објектите кои се обезбедуваат согласно оваа уредба (работни обврски, посета и врз основа на други потреби), а чие присуство во објектот е претходно најавено;
- обезбедување на имотот и материјалните добра во објектите кои се обезбедуваат согласно оваа уредба и
- откривање и спречување на извршување на противправни дејствија и на други форми на несакани појави и настани кои може да ја загрозат безбедноста на објектите и сигурноста на личностите кои се обезбедуваат согласно оваа уредба, како и на другите лица кои се присутни во објектите што се обезбедуваат.

Член 17

Мерките и активностите што ги преземаат овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија се насочени кон спречување на активности превземени од страна на:

- поединци или групи кои од небрежност или со умисла извршувајќи кривични дела или прекршоци утврдени со закон можат да ја загрозат сигурноста на личностите, имотот и материјалните добра што се обезбедуваат согласно закон и оваа уредба и

- странски разузнавачки служби непријателски насочени против Република Македонија и нејзините највисоки државни претставници, против странските државници, дипломатско-конзуларните претставништва и меѓународните мисии што се обезбедуваат согласно закон, оваа уредба и други прописи од областа на обезбедувањето.

Од страна на овластените службени лица од ставот 1 на овој член се преземаат мерки и активности за обезбедување и во случаи на елементарни непогоди (земјотреси, поплави, пожари и други природни и непредвидливи сили) кои можат да влијаат на оштетување на објектите и загрозување на сигурноста на личностите и другите присутни лица во објектите и просторите што се обезбедуваат.

Член 18

Мерките и активностите за обезбедување на личности и објекти се состојат од преземање на:

- оперативно-превентивни мерки и активности за обезбедување на личности, објекти и простори;
- превентивно-технички мерки и активности за обезбедување кои опфаќаат механичко, електронско-техничко, против-диверзионо, хемиско-биолошко-радијациско, санитарно-здравствено, противпожарно и други видови на обезбедување на личности и објекти;
- физичко и сообраќајно обезбедување на објекти и личности;
- следење на преземените дејствија и активности за спроведување на општите мерки и активности за обезбедување во органите на државната власт и други правни лица од интерес за безбедноста и одбраната на Република Македонија со кои стопанисуваат субјекти во својство на правни лица, секој во рамките на своите надлежности и овластувања утврдени со закон и
- други потребни мерки и активности од интерес и значење за обезбедување на личности и објекти.

Член 19

Оперативно-превентивните мерки и активности за обезбедување се состојат од собирање и обработка на сознанија, податоци и информации што се однесуваат на откривање и спречување на противправни дејствија и активности насочени кон загрозување на безбедноста на личностите и објектите што се обезбедуваат.

Член 20

Превентивно-техничките мерки и активности за обезбедување се состојат од употреба на електронско-технички, техничко-технолошки, хемиски, биолошки и радијациски средства, помагала и опрема наменети за откривање и спречување на противправни дејствија и активности насочени кон загрозување на безбедноста на личностите и објектите што се обезбедуваат.

Член 21

Мерките и активностите за физичко обезбедување се состојат од спроведување на непосредно и лично физичко обезбедување и примена на други физички мерки и активности заради спречување на загрозување на сигурноста на личностите и безбедноста на објектите што се обезбедуваат, вклучувајќи и сообраќајно и ескортно обезбедување на личности и објекти.

Член 22

Обезбедувањето на објектите од членовите 9 и 10 од оваа уредба опфаќа надворешно и внатрешно физичко обезбедување на објектот.

Надворешното обезбедување на објектите од членовите 9 и 10 од оваа уредба се врши од страна на полициски службеници во униформа, а внатрешното обезбедување се врши од страна на полициски службеници во цивилна облека.

Физичкото обезбедување на објектите од член 9 од оваа уредба и на објектот на седиштето на Министерството за одбрана се врши од страна на овластени службени лица на Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија во униформа.

По потреба и проценка се применуваат и други форми на обезбедување.

V. СТЕПЕНИ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

Член 23

Во зависност од рангот на личностите, односно делегациите кои се обезбедуваат, идентификуваниот и претпоставениот ризик од опасноста од загрозеност на безбедноста на личностите и објектите, манифестациите и просторите што се обезбедуваат и заштитуваат се одредуваат степени на обезбедување.

Степените на претпоставениот и идентификуваниот ризик се определуваат од прв до четврти степен.

Член 24

Мерки и активности за обезбедување од прв степен се преземаат при обезбедување на шефови на странски држави за време на нивниот престој во Република Македонија, при заедничко патување на личностите кои се обезбедуваат, како и при одржување на јавни манифестации од пошироко значење на кои присуствуваат личностите кои се обезбедуваат.

Во зависност од безбедносната проценка мерки и активности за обезбедување од прв степен може да се преземат и при патување во странство на личностите кои постојано се обезбедуваат.

Член 25

Мерки и активности за обезбедување од втор степен се преземаат при обезбедување на личностите кои постојано се обезбедуваат согласно оваа уредба, на одредени странски личности и делегации за време на нивната официјална посета во Република Македонија, како и при одржување на јавни манифестации на кои присуствуваат личностите кои се обезбедуваат со мерки и активности од прв степен доколку нема сознанија за идентификуван и претпоставен ризик.

Член 26

Мерки и активности за обезбедување од трет степен се преземаат при обезбедување на странски делегации во кои присуствуваат замениците на претседателот на Владата на Република Македонија, министерот за внатрешни работи, министерот за надворешни работи или министерот за одбрана, како и за обезбедување на странски личности од ист ранг, странски и меѓународни делегации во посета на Република Македонија, а по претходна безбедносна проценка на Министерството за внатрешни работи.

При посета на странски или меѓународни воени делегации во подготвувањето на безбедносната проценка учествуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија во соработка со други безбедносни служби.

Член 27

Мерки и активности за обезбедување од четврт степен се преземаат при обезбедување на други личности опфатени со оваа уредба, министрите во Владата на Република Македонија, како и при обезбедување на одредени странски делегации по проценка на Министерството за внатрешни работи.

VI. ПРЕОДНА И ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 28

Со денот на влегување во сила на оваа уредба престанува да важи Уредбата за личностите и објектите што се обезбедуваат, видовите на мерки и активности и степените на обезбедување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/07 и 106/09).

Член 29

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-2338/1
18 март 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

1732.

Врз основа на член 54 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05, 150/07, 35/11, 166/12, 137/13,188/13 и 27/14), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.3.2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија му престанува користењето на движната ствар – моторно возило со следните карактеристики:

1. Патничко моторно возило
- марка BMW
- тип 520i
- број на шасија WBADD11010BN64381
- број на мотор 206S6/36911761
- регистарска ознака SK-671-SA
- година на производство 1998 година
- работна зафатнина на моторот 1991 cm3
- сила на моторот 110 KW
- боја на каросеријата – металик сива 7F.

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на Инспекциски совет.

Член 3

Директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија склучува договор со претседателот на Инспекцискиот совет со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари – моторни возила на Инспекцискиот совет („Службен весник на Република Македонија“ бр. 22/14) и Одлуката за изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари – моторни возила на Инспекцискиот совет („Службен весник на Република Македонија“ бр. 45/14).

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-2612/1
18 март 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

1733.

Врз основа на член 128 став 1 алинеја 6 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12 и 41/14), министерот за внатрешни работи донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИИТЕ НА ПОЛИЦИЈАТА И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЕВИДЕНЦИИТЕ НА ПОЛИЦИЈАТА

Член 1

Во Правилникот за содржината и начинот на водење на евиденциите на Полицијата и формата и содржината на образецот на евиденциите на Полицијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 160/13), членот 8 се менува и гласи:

„ (1) Во евиденцијата за лица за кои постојат основи за сомневање дека се сторители на кривични дела или прекршоци содржани се податоци од ставовите (5), (6), (7) и (8) на овој член.

(2) Евиденцијата од ставот (1) на овој член се води хариено, во укоричени книги со страници со растечка големина, кои започнуваат со реден број еден на почетокот на календарската година и завршуваат со реден број од последно евидентираниот настан во календарската година.

(3) Димензиите на укоричените книги од ставот (2) на овој член се 210 милиметри на 297 милиметри (А 4 формат).

(4) Укоричените книги од ставот (2) на овој член се водат според Образец број 6 кој е составен од два дела и содржи вкупно 15 рубрики од кои рубриките 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 формираат посебен дел „податоци за оперативната информација, оперативниот извештај или извештајот за легитимирано или непосредно забележано лице“, а рубриките 9, 10, 11, 12 и 13 формираат посебен дел „Податоци за изворот на информацијата“, Образец број 6-а кој содржи вкупно девет рубрики и Образец број 6-б кој содржи вкупно девет рубрики.

(5) Во првиот дел од образец број 6 од ставот (4) на овој член се запишуваат следните податоци: во рубрика 1 „Реден број, оперативна информација /оперативен извештај/ непосредно забележано лице, број и датум“ се запишува редниот број на уписот, видот на добиената информација (оперативна информација, оперативен извештај или извештај за легитимирано или непосредно забележано лице, број и датум на добиената информација; во рубриката 2 „Датум кога е извршен уписот“ се запишува денот, месецот и годината кога е извршен уписот; во рубриката 3 „Презиме, име и организациска единица на полицискиот службеник кој ја добил и изготвил информацијата„ се запишува името и презимето на полицискиот службеник кој ја добил и изготвил оперативната информација, оперативниот извештај или извештајот за легитимирано или непосредно забележано лице и називот на организационата единица во која работи; во рубриката 4 „Кратка содржина“ се запишува се запишува област на криминал, краток опис на настанот/појавата/кривичното дело или прекршокот за кој е собрана информацијата; во рубриката 5„Презиме и име на лицето или лицата за кои постојат основи на сомневање дека се сторители на кривични дела и прекршоци“, се запишува презимето, името, ден, месец, година и местото на раѓање, живеалиштето или престојувалиштето и единствениот матичен број на лицето или лицата за кои постојат основи на сомневање дека се сторители на кривични дела или прекршоци; во рубриката 6 „Проценка на информацијата 5х5“ се запишува проценка на содржината на информацијата (Пример: (А-1) -доверлив во сите случаи –со сигурност се знае дека е вистина, (Д-2) -неможе да се процени -изворот е лично запознат, меѓутоа не и ОСЛ, (Д-5) -неможе да се процени -постои сомнение дека е погрешна; во рубриката 7 „Презиме и име на полицискиот службеник задолжен за постапување“ се запишува името и презимето на Инспекторот за разузнавање кој е задолжен да постапува по информацијата; во рубриката број 8 „Барани појаснувања на полицискиот службеник во врска со информацијата и датум“ се запишуваат бараните појаснувања кои телефонски или на друг начин ги побарал инспекторот за разузнавање од подносителот и датумот коге е побарано појаснувањето.

(6) Во вториот дел од образец 6 од ставот (4) на овој член се запишуваат следните податоци: во рубриката број 9 „Број на граѓанинот“ се запишува бројот и ден, месец и година кога е евидентиран граѓанинот; во рубриката број 10 „Презиме, име, единствен матичен број на граѓанинот“, се запишува презимето, името, прекар, лице викано, ден, месец, година на раѓање и единствен матичен број на граѓанинот; рубрика број 11 „Место и адреса на живеење“, се запишува место (град, село, населено место и т.н.) и адреса на живеење (улица и број) на граѓанинот; во рубриката број 12 „Датум на извршена контрола“ се запишува денот, месецот, годината и часот кога е извршена контрола од инспекторот за разузнавање; во рубриката број 13 „Датум на доставени податоци за граѓанинот до надлежната организациона единицата “ се запишува денот, месецот и годината кога податоците се доставени до надлежната организациона единицата; во рубриката број 14 „Изготвен оперативен извештај со број и датум“ се запишува изготвениот оперативен извештај (да-не) со евиденциски број и датум; во рубриката број 15 „Забелешка“ се запишуваат други податоци за лицето или лицата за кои постојат основи на сомневање дека се сторители на кривични дела или прекршоци, за граѓанинот како извор на сознание, извршени контроли и полицискиот службеник, а кои не можат да се запишат во другите рубрики на образецот.

(7) Во образецот 6-а од ставот (4) на овој член се запишуваат следните податоци: во рубрика 1 „Реден број“ се запишува Реден број/Датум кога е извршен уписот“ се запишува редниот број и денот, месецот и годината кога е извршен уписот; во рубрика 2 „Врска информација со број и датум“ се запишува евидентен број со ден, месец и година на оперативната информација, оперативен извештај или извештај за легитимирано или непосредно забележано лице или друг службен материјал; во рубриката 3 „Кратка содржина на оперативниот извештај“ се запишува област на криминал, видот на кривично дело или прекршок (што е објект на напад, начинот на извршување и др.); во рубриката 4 „Презиме и име на лицето или лицата за кои постојат основи на сомневање дека се сторители на кривични дела или прекршоци“ се запишува презиме, име, прекар, ден, месец, година и место на раѓање, живеалиште, престојувалиште и единствен матичен број на лицето или лицата за кои постојат основи на сомневање дека се сторители на кривични дела или прекршоци; во рубриката број 5 „Проценка на извештајот 5х5х5“ се запишува проценка на содржината на информацијата Пример: (А-1-5) -доверлив во сите случаи –со сигурност се знае дека е вистина -достапна само за организациски единици кои се наведени, (Д-2-4) -неможе да се

процени -изворот е лично запознат меѓутоа не и ОСЛ-достапна за сите организациони единици во МВР, (Д-5-5) -неможе да се процени -постои сомнение дека е погрешна -достапна само за организациски единици кои се наведени...); во рубриката број 6 „Организациска единица или друг орган на кој е доставен“ се запишува организациската единица во Министерството за внатрешни работи или друг орган на кој е доставен оперативниот извештај за понатамошно постапување; во рубриката со реден број 7 „Презиме и име на полицискиот службеник кој го изготвил оперативниот извештај“ се запишува презиме и име на полицискиот службеник кој го изготвил оперативниот извештај; во рубриката број 8 „Одложен оперативен извештај во“ се запишува местото каде е одложен оперативниот извештај (криминалистичко истражување, криминалистичка обработка, криминалистичка контрола, оперативна акција или во друг предмет-по проблематика); во рубриката број 9 „Вид на актот со евиденциски број и датум кој се изготвува по оперативниот извештај“ се запишува видот на актот, евиденциски број, ден, месец, година, кој се изготвува (кривична пријава, известувње, барање за поведување на прекршочна постапка, службена белешка и друго), по оперативниот извештај или понатамошен начин на постапување (запирање на понатамошна работа, вршење на дополнителни проверки, отворена оперативна обработка и слично) во рубриката број 10 „Забелешка“ се запишуваат други податоци кои се важни за лицето или лицата за кои постојат основи на сомневање дека се сторители на кривични дела или прекршоци, полицискиот службеник и превземените мерки, кои не можат да се запишат во другите рубрики на образецот.

(8) Во образецот 6-б од ставот (4) на овој член се запишуваат следните податоци: во рубриката 1 „Реден број/Датум кога е извршен уписот“ се запишува Реден број на уписот и ден, месец и година кога е извршен уписот; во рубриката 2 „Оперативен извештај (број, датум)/Проценка на извештајот“ се запишува евиденциски број на примениот оперативен извештај со ден, месец и година кога истиот е изготвен и проценка на содржината на оперативниот извештај (Пример: (А-1-5) -доверлив во сите случаи –со сигурност се знае дека е вистина -достапна само за организациски единици кои се наведени, (Д-2-4) -неможе да се процени -изворот е лично запознат меѓутоа не и ОСЛ-достапна за сите организациони единици во МВР, (Д-5-5) -неможе да се процени -постои сомнение дека е погрешна -достапна само за организациски единици кои се наведени...); во рубриката 3 „Презиме, име и организациска единица на полицискиот службеник кој го изготвил оперативниот извештај“ се запишува Презимето и името на полицискиот службеник кој го изготвил оперативниот извештај и назив на организациската единица во која е вработен полицискиот службеник кој го изготвил оперативниот извештај; во рубриката 4 „Кратка содржина на оперативниот извештај“ се запишува кратка содржина од оперативниот извештај (сознание за видот на кривично дело или прекршок, каде и кога се случило, што е објект на напад и начинот на извршување на кривичното дело или преркршок); во рубриката 5 „Презиме и име на лицето или лицата за кои постојат основи на сомневање дека се сторители на кривични дела или прекршоци“ се запишува Презиме и име, прекар, ден месец, година и место на раѓање, живеалиште или престојувалиште и единствен матичен број на лицето или лицата за кои постојат основи на сомневање дека се сторители на кривични дела или прекршоци; во рубриката 6 „Презиме, име и организациска единица на полицискиот службеник кој е задолжен за постапување“ се запишува Презимето и името и организациската единица на полицискиот службеник кој е задолжен за постапување по оперативниот извештај; во рубриката 7 „Вид на актот со евиденциски број и датум кој се изготвува по оперативниот извештај“ се запишува Видот на актот, евиденциски број, ден, месец, година, кој се изготвува (кривична пријава, известување, барање за поведување на прекршочна постапка, службена белешка и друго) по оперативниот извештај или понатамошен начин на постапување (запирање на понатамошна работа, вршење на дополнителни проверки, отворена оперативна обработка и слично); во рубриката 8 „Евиденциски број и датум на известување“ се запишува евиденциски број со ден, месец и година на известување испратено до подносителот на оперативниот извештај кое ги содржи податоците од рубрика 7 и во рубриката 9 „Забелешка“ се запишуваат други податоци кои се важни за лицето или лицата за кои постојат основи на сомевање дека се сторители на кривични дела или прекршоци, полицискиот службеник и преземените мерки, кои не можат да се запишат во другите рубрики на образецот.“

Член 2

Образецот број 6 се заменува со нов Образец 6 кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

По Образецот број 6 се додаваат два нови обрасци Образец број 6-а и Образец број 6-б кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 12.1-22224/1
19 март 2014 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р.

Евиденција на лица за кои постојат основи за сомневање
дека се сторители на кривични дела или прекршоци

Прв дел на Образец број 6

Реден број	Податоци за оперативната информација, оперативниот извештај или извештајот за легитимирано или непосредно забележано лице						
Оперативна информација /оперативен извештај/непосредно забележано лице Број и датум	Датум кога е извршен уписот	Презиме, име и организациска единица на полициското службеник кој ја изготвил и добил информацијата	Кратка содржина	Презиме и име на лицето или лицата за кои постојат основи на сомневање дека се сторители на кривични дела или прекршоци	Проценка на информацијата 5x5	Презиме и име на полициското службеник задолжен за постапување	Барани појаснувања на полициското службеник во врска со информацијата и датум
1	2	3	4	5	6	7	8

Втор дел на Образец број 6

Податоци за изворот на информацијата					Изготвен оперативен извештај со број и датум	Забелешка
Број на граѓанинот и датум	Презиме, име, единствен матичен број на граѓанинот	Место и адреса на живеење	Датум на извршена контрола	Датум на доставени податоци за граѓанинот до надлежната организациона единицата		
9	10	11	12	13	14	15

Евиденција на лица за кои постојат основи за сомневање
дека се сторители на кривични дела или прекршоци

Образец број 6-а

Реден број Датум кога е извршен уписот	Врска информација со број и датум	Кратка содржина на оперативниот извештај	Презиме и име на лицето или лицата за кои постојат основи на сомневање дека се сторители на кривични дела или прекршоци	Проценка на извештајот 5x5x5	Организациска единица или друг орган на кој доставен	Презиме и име на полицискиот службеник кој го изготвил оперативниот извештај	Одложен оперативен извештај во	Вид на актот со евиденциски број и датум кој се изготвува по оперативниот извештај	Забе-лешка
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10

Евиденција на лица за кои постојат основи за сомневање дека се сторители на кривични дела или прекршоци

Образец број 6-б

Реден број Датум кога е извршен уписот	Оперативен извештај (број, датум) Проценка на извештајот	Презиме, име и организациска единица на полициското службеник кој го изготвил оперативниот извештај	Кратка содржина на оперативниот извештај	Презиме и име на лицето или лицата за кои постојат основи на сомневање дека се сторители на кривични дела или прекршоци	Презиме, име и организациска единица на полициското службеник кој е задолжен за постапување	Вид на актот со евиденциски број и датум кој се изготвува по оперативниот извештај	Евиденциски број и датум на известување	Забе-лешка
1	2	3	4	5	6	7	8	9

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

1734.

Врз основа на член 21 став 2 од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 124/10 и 164/13), министерот за здравство донесе

Л И С Т И
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТИТЕ ЗА КЛАСИФИКАЦИЈА НА СУПСТАНЦИИ И РАСТЕНИЈА ВО ЛИСТИТЕ ОД МЕЃУНАРОДНИТЕ КОНВЕНЦИИ ЗА ОПОЈНИ ДРОГИ И ПРИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИИ ВО КАТЕГОРИЈА НА ОПОЈНИ ДРОГИ И ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИИ

Член 1

Во Листите за класификација на супстанции и растенија во листите од меѓународните конвенции за опојни дроги и прихотропни супстанции во категорија на опојни дроги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија“ бр.112/09), во член 2 во точката 1) по табелата се додаваат нова точка 1-а) и нова табела, кои гласат:

„1-а) во прва категорија на опојни дроги спаѓаат супстанциите и нивните мешавини:

Меѓународно име на психоактивната супстанција	Хемиско име (IUPAC)	Друго незаштитено име	Дејство
25I-NBOMe	2-(4-iodo-2,5-dimethoxyphenyl)-*N*-[(2-ethoxyphenyl) methyl]ethanamine $C_{18}H_{22}INO_3$	2C-I-NBOMe, Cimbi-5, Wizard, Medication	Психоделична дрога
AH-7921	3,4-dichloro-N-[[1-dimethylamino) cyclohexyl]methyl]benzamide $C_{16}H_{22}Cl_2N_2O$	‘AH-7921’ ‘doxylan’.	Наркотичен аналгетик со висок потенцијал за создавање на зависност, околу 80% од моќноста на морфин
MDPV	3, 4-methylenedioxypyrovalerone $C_{16}H_{21}NO_3$	Explosion, Blow, Recharge ‘plant food’, ‘bath salts’, ‘research chemicals’	Стимуланс на централниот нервен систем (ЦНС) сличен на кокаин, амфетамини, MDMA, од класата на катинони
Methoxetamine	2-(3-methoxyphenyl)-2-(ethylamino)cyclohexanone C15H21NO2	‘MXE’, ‘Mexxy’, ‘M-ket’, ‘MEX’,‘Kmax’, ‘Special M’, ‘MA’, ‘legal ketamine’, ‘Minx’, ‘Jipper’ ‘Roflcoptr’.	Алтернатива на кетамин аналгезија, анестезија, халуцинации,
5-IT	5-(2-aminopropyl) indole 1-(1H-indol-5-yl)propan-2-amine C11H12N	‘Benzo Fury’	Стимуланс на централниот нервен систем (ЦНС)
4-MA	1-(4-methylphenyl)propan-2-amine 1-(4-methylphenyl)-2-aminopropane 4-methylamphetamine	pTAP PAL-313, 4-MeA PmeA 4-MA; Aptrol ;	Ефедра тип на стимуланс (опишано од страна на корисниците, со физички и психолошки ефекти) параноја, халуцинации, анксиозност, депресија, Аноректична дрога (appetite suppressant)
Mephedrone	4-methylmethcathinone $C_{11}H_{15}NO$	4-MMC MCAT Meow Meow	Стимуланс на централниот нервен систем (ЦНС) од класата на катинони и амфетамин
BZP	1-benzylpiperazine C_{11}-H_{16}-N_2	"herbal high," "бибер екстракт"	Стимуланс на ЦНС, ги имитираат молекуларните механизми на дејство и некои од ефектите од MDMA (екстази)
mCPP	1-(3-chlorophenyl) piperazine $C_{10}H_{13}ClN_2$	‘X4’ “duhovka” ‘rainbow’ ‘Rolls Royce’ ‘smarties’.	Стимуланс

“

Член 2

Во член 3 во точката 1) по табелата се додаваат нова точка 1-а) и нова табела, кои гласат:

„1-а) во прва категорија на психотропни супстанции спаѓаат супстанциите и нивните мешавини:

Меѓународно име на психоактивната супстанција	Хемиско име (IUPAC)	Друго незаштитено име	Дејство
2C-I	2,5-dimethoxy-4-iodophenethylamine		Халуциногено, психоделично и стимулативно
2C-T-2	2,5-dimethoxy-4-ethylthiophenethylamine		Халуциногено и стимулативно. Дериват на амфетамин
2C-T-7	2,5-dimethoxy-4-(n)-propylthiophenethylamine		Халуциногено и стимулативно. Деривати на амфетамин
TMA-2	2,4,5-trimethoxyamphetamine		Халуциногено и стимулативно. Дериват на амфетамин
4-MTA	P-Methylthioamphetamine 4-Methylthioamphetamine		Стимулативно. Дериват на амфетамин
PMMA	Paramethoxymethylamphetamine N-methyl-1-(4-methoxyphenyl)-2-aminopropane		Стимулативно. Аналог на амфетамин,сличен во структурата, но различен во однос на елементарниот состав.

Член 3

Оваа листа ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 15-1879/2
20 март 2014 година
Скопје

Министер,
Никола Тодоров, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

1735.

Врз основа на член 79-а став (8) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13 и 41/14), министерот за образование и наука донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ НА СЛЕДЕЊЕТО НА НАСТАВАТА, ПОЛАГАЊЕТО НА ИСПИТИТЕ ЗА ПЕДАГОШКО - ПСИХОЛОШКА И МЕТОДСКА ПОДГОТОВКА, КАКО И НАЧИНОТ НА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКООБРАЗОВНИТЕ УСТАНОВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на следењето на наставата, полагањето на испитите за педагошко - психолошка и методска подготовка, како и начинот на акредитација на високообразовните установи.

Член 2

Кандидатот се запишува за следењето на наставата и полагањето на испитите за педагошко- психолошка и методска подготовка во месец февруари, односно во месец септември.

Наставата и практичната настава се реализираат во текот на еден семестар.

За реализираната настава и практична настава кандидатот води дневник.

Член 3

Пред полагањето на задолжителните и изборните предмети за педагошко- психолошка и методска подготовка кандидатот изведува најмалку 45 дена практична настава во основно училиште со вкупно 45 наставни часа.

Член 4

Практичната се состои од следење на наставата на соодветните наставни предмети, како и запознавање со животот во училиштето и учество во реализацијата на активностите кои се одвиваат во него.

Во практичната настава кандидатот следи и реализира настава преку критички осврти на набљудувани наставни часови и со самостојно реализирани наставни часови под надзор на наставникот ментор во училиштето.

По завршувањето на практичната настава кандидатот се стекнува со седум кредити според Европски кредит трансфер систем (ЕКТС).

Член 5

По завршувањето на наставата и практичната настава кандидатот полага испити за педагошко- психолошка и методска подготовка и тоа за пет предмети од кои три предмети се задолжителни, а два предмети се изборни.

Трите задолжителни предмети се: педагогија, психологија и методика, кои кандидатот ги полага во месец мај, односно во месец декември.

Бројот на наставните часови за предметите од став 2 на овој член е по 75 часа и по 75 часа за останатите активности предвидени во програмите за задолжителните предмети за педагошко - психолошка и методска подготовка.

За секој положен испит од задолжителните предмети кандидатот се стекнува со пет кредити според ЕКТС.

За да се полагаат предметите педагогија и психологија претходно треба да е положен предметот методика.

Два изборни предмети кандидатот избира од следните изборни предмети: училишна докимологија, училишна организација, етика во образованието, методика на воспитна работа, педагошка комуникација и интеркултурно и мултикултурно образование.

Бројот на наставните часови за предметите од став 6 на овој член е по 60 часа и и по 60 часа за останатите активности предвидени во програмите за изборните предмети за педагошко - психолошка и методска подготовка.

За секој положен испит од изборните предмети кандидатот се стекнува со по четири кредити според ЕКТС.

Член 6

По завршувањето на полагањето на испитите за педагошко- психолошка и методска подготовка од страна на високообразовната установа на кандидатот му се издава сертификат, согласно Законот за високото образование.

Член 7

Високообразовната установа, до Министерството за образование и наука доставува барање за акредитација за настава и полагање на испити за стекнување на педагошко-психолошка и методска подготовка.

Кон барањето за акредитација високообразовната установа доставува: програми за задолжителните и изборните предмети за педагошко - психолошка и методска подготовка, краток опис на соодветно опремени простории со наставни помагала за современа реализација на програмите и список на наставно-научниот кадар кој врши настава за реализација на програмите за педагошко-психолошка и методска подготовка.

Програмите за задолжителните и изборните предмети за педагошко - психолошка и методска подготовка содржат: цели на програмата, содржина на програмата, специфичните дескриптори на програмата, методи на учење, форми на наставните активности, други форми на активности, начин на оценување, критериуми за оценување, метод на следење на квалитетот на наставата и литература.

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-2850/3
21 март 2014 година
Скопје

Министер,
Спиро Ристовски, с.р.

1736.

Врз основа на член 59 став (12) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13 и 41/14), министерот за образование и наука донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ НА СЛЕДЕЊЕТО НА НАСТАВАТА, ПОЛАГАЊЕТО НА ИСПИТИТЕ ЗА ПЕДАГОШКО - ПСИХОЛОШКА И МЕТОДСКА ПОДГОТОВКА, КАКО И НАЧИНОТ НА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКООБРАЗОВНИТЕ УСТАНОВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на следењето на наставата, полагањето на испитите за педагошко - психолошка и методска подготовка, како и начинот на акредитација на високообразовните установи.

Член 2

Кандидатот се запишува за следењето на наставата и полагањето на испитите за педагошко- психолошка и методска подготовка во месец февруари, односно во месец септември.

Наставата и практичната настава се реализираат во текот на еден семестар.

За реализираната настава и практична настава кандидатот води дневник.

Член 3

Пред полагањето на задолжителните и изборните предмети за педагошко- психолошка и методска подготовка кандидатот изведува најмалку 45 дена практична настава во средно училиште со вкупно 45 наставни часа.

Член 4

Практичната настава се состои од следење на наставата на соодветните наставни предмети, како и запознавање со животот во училиштето и учество во реализацијата на активностите кои се одвиваат во него.

Во практичната настава кандидатот следи и реализира настава преку критички осврти на набљудувани наставни часови и со самостојно реализирани наставни часови под надзор на наставникот ментор во училиштето.

По завршувањето на практичната настава кандидатот се стекнува со седум кредити според Европски кредит трансфер систем (ЕКТС).

Член 5

По завршувањето на наставата и практичната настава кандидатот полага испити за педагошко- психолошка и методска подготовка и тоа за пет предмети од кои три предмети се задолжителни, а два предмети се изборни.

Трите задолжителни предмети се: педагогија, психологија и методика, кои кандидатот ги полага во месец мај, односно во месец декември.

Бројот на наставните часови за предметите од став 2 на овој член е по 75 часа и по 75 часа за останатите активности предвидени во програмите за задолжителните предмети за педагошко - психолошка и методска подготовка.

За секој положен испит од задолжителните предмети кандидатот се стекнува со пет кредити според ЕКТС.

За да се полагаат предметите педагогија и психологија претходно треба да е положен предметот методика.

Два изборни предмети кандидатот избира од следните изборни предмети: училишна докимологија, училишна организација, етика во образованието, методика на воспитна работа, педагошка комуникација и интеркултурно и мултикултурно образование.

Бројот на наставните часови за предметите од став 6 на овој член е по 60 часа и и по 60 часа за останатите активности предвидени во програмите за изборните предмети за педагошко - психолошка и методска подготовка.

За секој положен испит од изборните предмети кандидатот се стекнува со по четири кредити според ЕКТС.

Член 6

По завршувањето на полагањето на испитите за педагошко- психолошка и методска подготовка од страна на високообразовната установа на кандидатот му се издава сертификат, согласно Законот за високото образование.

Член 7

Високообразовната установа, до Министерството за образование и наука доставува барање за акредитација за настава и полагање на испити за стекнување на педагошко-психолошка и методска подготовка.

Кон барањето за акредитација високообразовната установа доставува: програми за задолжителните и изборните предмети за педагошко - психолошка и методска подготовка, краток опис на соодветно опремени простории со наставни помагала за современа реализација на програмите и список на наставно-научниот кадар кој врши настава за реализација на програмите за педагошко-психолошка и методска подготовка.

Програмите за задолжителните и изборните предмети за педагошко - психолошка и методска подготовка содржат: цели на програмата, содржина на програмата, специфичните дескриптори на програмата, методи на учење, форми на наставните активности, други форми на активности, начин на оценување, критериуми за оценување, метод на следење на квалитетот на наставата и литература.

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-2850/4
21 март 2014 година
Скопје

Министер,
Спиро Ристовски, с.р.

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

1737.

Врз основа на член 31 став (2) точка 1, а во врска со членовите 33 став (1), 34 став (1) и (4) и 35 став (1) и (2) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13 и 34/13 и 14/2014), Државната изборна комисија на седницата одржана на 24.03.2014 година, во состав: претседател, Никола Рилкоски, потпретседател, м-р Субхи Јакупи и членовите Влатко Сајкоски, Сашо Срцев, Анета Стефановска, Виолета Дума и Бедредин Ибраими, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКИТЕ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ ИЗБОРНИ КОМИСИИ

I. Во Одлуките за формирање на општинските изборни комисии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/11, 65/11, 67/11, 72/11, 15/13, 16/13, 17/13, 21/13, 23/13, 28/13, 32/13, 38/13, 44/13, 49/13, 85/13, 38/14, 43/14 и 47/14), 10-1861/1 од 04.06.2011 година, 10-810/6 од 04.11.2011 и 10-137/1 од 03.04.2013 година се вршат следните изменувања и дополнувања и тоа:

1. Во составот на Општинската изборна комисија Штип, членот ГОРАН РАДОЈЕВ, вработен во Општина Штип, СЕ РАЗРЕШУВА.

За член се именува ЛАЗАР ХАЏИ НИКОЛОВ вработен во Општина Штип.

2. Во составот на Општинската изборна комисија Чучер Сандево членот ИРЕНА СТОИМЕНОВА вработена во АД ЕЛЕМ, СЕ РАЗРЕШУВА.

За член се именува ВЕСНА ДАНЧЕВСКА, вработена во Агенција за храна и ветеринарство.

3. Во составот на Општинската изборна комисија Шуто Оризари заменик членот МЕРИ ЈАШАРОВСКА, вработена во Управа за хидрометеоролошки работи, СЕ РАЗРЕШУВА.

За заменик член се именува ТОДОРКА НЕШКОВСКА, вработена во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

4. Во составот на Општинската изборна комисија Чаир заменик членот СЛАВИЦА ЦАНЕВСКА, Министерство за надворешни работи СЕ РАЗРЕШУВА.

За заменик член се именува АРЕТИ ДИМУЛКОВА, вработена во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

5. Во составот на Општинската изборна комисија Тетово претседателот ИЉАЗ ХАЛИМИ, вработен во Општина Тетово, СЕ РАЗРЕШУВА.

За претседател се именува БАЈРАМ РУФАТИ, вработен во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

II.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“ и на интернет страницата на Државна изборна комисија.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука, согласно член 18 став 3 од Изборниот законик, лицето избрано за претседател, заменик претседател, членови или нивни заменици на општинските изборни комисии имаат право да поднесат Изјава за неприфаќање на именувањето.

Изјавата за неприфаќање се поднесува до Државната изборна комисија, во рок од 48 часа, сметано од денот на објавувањето на оваа одлука во „Службен весник на Република Македонија“.

Доставувањето на Изјавата преку пошта не е дозволено.

Решението на Државната изборна комисија е конечно.

Бр. 07-433/7
25 март 2014 година
Скопје

Државна изборна комисија
Претседател,
Никола Рилкоски, с.р.

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1738.

Врз основа на член 184 став а и в од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013 и 43/2014), Комисијата за хартии од вредност на РМ на својата седница одржана на 12.3.2014 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Лицето Мирјана Митровска, родена на ден 29.1.1986 година од Скопје, го губи правото на полагање на посебниот стручен испит за инвестиционо советување во организација на Комисијата за хартии од вредност, заради изминување на 2 години од денот на завршување на обуката.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. УП1 09-33
12 март 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

1739.

Врз основа на член 184 став а и в од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013 и 43/2014), Комисијата за хартии од вредност на РМ на својата седница одржана на 12.3.2014 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Лицето Мира Данаилова, родена на ден 18.5.1958 година од Кривогаштани, го губи правото на полагање на посебниот стручен испит за инвестиционо советување во организација на Комисијата за хартии од вредност, заради изминување на 2 години од денот на завршување на обуката.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. УП1 09-34
12 март 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

1740.

Врз основа на член 184 став а и в од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013,188/2013 и 43/2014), Комисијата за хартии од вредност на РМ на својата седница одржана на 12.3.2014 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Лицето Милка Митева, родена на ден 4.8.1979 година од Струмица, го губи правото на полагање на посебниот стручен испит за инвестиционо советување во организација на Комисијата за хартии од вредност, заради изминување на 2 години од денот на завршување на обуката.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. УП1 09-35
12 март 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

1741.

Врз основа на член 184 став 1 алинеја а и в од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013 и 43/2014), Комисијата за хартии од вредност на РМ на својата седница одржана на 12.3.2014 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Лицето Марија Пејкова, родена на ден 4.7.1988 година од Скопје, го губи правото на полагање на посебниот стручен испит за инвестиционо советување во организација на Комисијата за хартии од вредност, заради изминување на 2 години од денот на завршување на обуката.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. УП1 09-36
12 март 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

1742.

Врз основа на член 184 став а и в од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013,188/2013 и 43/2014), Комисијата за хартии од вредност на РМ на својата седница одржана на 12.3.2014 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Лицето Јулијана Ивановска, родена на ден 10.7.1983 година од Скопје, го губи правото на полагање на посебниот стручен испит за инвестиционо советување во организација на Комисијата за хартии од вредност, заради изминување на 2 години од денот на завршување на обуката.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. УП1 09-37
12 март 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

1743.

Врз основа на член 184 став а и в од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013 и 43/2014), Комисијата за хартии од вредност на РМ на својата седница одржана на 12.3.2014 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Лицето Ивона Манасијевска, родена на ден 28.8.1986 година од Гостивар, го губи правото на полагање на посебниот стручен испит за инвестиционо советување во организација на Комисијата за хартии од вредност, заради изминување на 2 години од денот на завршување на обуката.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. УП1 09-38
12 март 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

1744.

Врз основа на член 184 став а и в од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013 и 43/2014), Комисијата за хартии од вредност на РМ на својата седница одржана на 12.3.2014 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Лицето Ивона Георгиевска, родена на ден 13.12.1978 година од Тетово, го губи правото на полагање на посебниот стручен испит за инвестиционо советување во организација на Комисијата за хартии од вредност, заради изминување на 2 години од денот на завршување на обуката.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. УП1 09-39
12 март 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

1745.

Врз основа на член 184 став а и в од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013 и 43/2014), Комисијата за хартии од вредност на РМ на својата седница одржана на 12.3.2014 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Лицето Душица Василева, родена на ден 5.5.1983 година од Скопје, го губи правото на полагање на посебниот стручен испит за инвестиционо советување во организација на Комисијата за хартии од вредност, заради изминување на 2 години од денот на завршување на обуката.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. УП1 09-40
12 март 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

1746.

Врз основа на член 184 став а и в од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013 и 43/2014), Комисијата за хартии од вредност на РМ на својата седница одржана на 12.3.2014 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Лицето Нико Тозија, роден на ден 06.05.1984 година од Скопје, го губи правото на полагање на посебниот стручен испит за инвестиционо советување во организација на Комисијата за хартии од вредност, заради изминување на 2 години од денот на завршување на обуката.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. УП1 09-41
12 март 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

1747.

Врз основа на член 184 став а и в од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013,188/2013 и 43/2014), Комисијата за хартии од вредност на РМ на својата седница одржана на 12.3.2014 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Лицето Михајловски Лазе, роден на ден 7.7.1984 година од Скопје, го губи правото на полагање на посебниот стручен испит за инвестиционо советување во организација на Комисијата за хартии од вредност, заради изминување на 2 години од денот на завршување на обуката.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. УП1 09-42
12 март 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

1748.

Врз основа на член 184 став а и в од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013,188/2013 и 43/2014), Комисијата за хартии од вредност на РМ на својата седница одржана на 12.3.2014 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Лицето Мире Десоски, роден на ден 12.08.1975 година од Скопје, го губи правото на полагање на посебниот стручен испит за инвестиционо советување во организација на Комисијата за хартии од вредност, заради изминување на 2 години од денот на завршување на обуката.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. УП1 09-43
12 март 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

1749.

Врз основа на член 184 став а и в од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013 и 43/2014), Комисијата за хартии од вредност на РМ на својата седница одржана на 12.3.2014 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Лицето Ристе Бабачески, роден на ден 19.04.1983 година од Охрид, го губи правото на полагање на посебниот стручен испит за инвестиционо советување во организација на Комисијата за хартии од вредност, заради изминување на 2 години од денот на завршување на обуката.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. УП1 09-44
12 март 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

1750.

Врз основа на член 184 став а и в од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013 и 43/2014), Комисијата за хартии од вредност на РМ на својата седница одржана на 12.3.2014 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Лицето Сашо Огњеновски, роден на ден 7.1.1976 година од Скопје, го губи правото на полагање на посебниот стручен испит за инвестиционо советување во организација на Комисијата за хартии од вредност, заради изминување на 2 години од денот на завршување на обуката.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. УП1 09-45
12 март 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

1751.

Врз основа на член 184 став а и в од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013,188/2013 и 43/2014), Комисијата за хартии од вредност на РМ на својата седница одржана на 12.3.2014 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Лицето Костадин Кус-Иванов, роден на ден 21.7.1980 година од Струмица, го губи правото на полагање на посебниот стручен испит за инвестиционо советување во организација на Комисијата за хартии од вредност, заради изминување на 2 години од денот на завршување на обуката.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. УП1 09-46
12 март 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

1752.

Врз основа на член 184 став а и в од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013 и 43/2014), Комисијата за хартии од вредност на РМ на својата седница одржана на 12.3.2014 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Лицето Марко Базерко, роден на ден 11.08.1978 година од Скопје, го губи правото на полагање на посебниот стручен испит за инвестиционо советување во организација на Комисијата за хартии од вредност, заради изминување на 2 години од денот на завршување на обуката.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. УП1 09-47
12 март 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

1753.

Врз основа на член 184 став а и в од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013 и 43/2014), Комисијата за хартии од вредност на РМ на својата седница одржана на 12.3.2014 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Лицето Иван Ортаковски, роден на ден 2.1.1984 година од Скопје, го губи правото на полагање на посебниот стручен испит за инвестиционо советување во организација на Комисијата за хартии од вредност, заради изминување на 2 години од денот на завршување на обуката.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. УП1 09-48
12 март 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

1754.

Врз основа на член 184 став а и в од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013 и 43/2014), Комисијата за хартии од вредност на РМ на својата седница одржана на 12.3.2014 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Лицето Филип Гугулевски, роден на ден 7.6.1984 година од Скопје, го губи правото на полагање на посебниот стручен испит за инвестиционо советување во организација на Комисијата за хартии од вредност, заради изминување на 2 години од денот на завршување на обуката.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

3. Ова Решение ќе се објави во Службен весник на Република Македонија.

Бр. УП1 09-49
12 март 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

1755.

Врз основа на член 190 и член 43 став 1 точка а од Законот за хартии од вредност („Сл. весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013 и 188/2013), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на ден 18.3.2014 година донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ОСНОВАЊЕ НА ДЕПОЗИТАР НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на барањето за основање на депозитар на хартии од вредност („Сл.весник на РМ“ број 6/2007), во членот 2 по зборот „писмена„ се додаваат зборовите „или електронска“.

Член 2

Во членот 4 се додава нов став 2 кој гласи:

„Барањето може до Комисијата за хартии од вредност на РМ, да се поднесе во електронска форма потпишано со квалификуван дигитален сертификат“.

Постојниот став 2 станува став 3.

Член 3

Во Прилог 1 од Правилникот Образец ДОД, точка X по зборот „Потпис“ се додаваат зборовите „односно квалификуван дигитален сертификат“.

Член 4

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за формата и содржината на барањето за основање на депозитар на хартии од вредност.

Член 5

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 03-166/3
18 март 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

1756.

Врз основа на член 190 и член 75 став 3 и став 4 од Законот за хартии од вредност („Сл. весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013 и 188/2013), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на ден 18.3.2014 година донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНА СТРУКТУРА И НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТКА НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА НА БЕРЗА И НА СРЕДСТВАТА ШТО ЈА СОЧИНУВААТ ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА НА БЕРЗАТА

Член 1

Во Правилникот за определување на задолжителна структура и начинот на пресметка на основната главнина на берза и на средствата што ја сочинуваат основната главнина на берзата („Сл. весник на РМ“ бр. 130/2006), по членот 9 се додава нов член 9а кој гласи:

„Извештаите од член 8 став 2 и член 9 став 3 од овој Правилник може до Комисијата за хартии од вредност на РМ, да се поднесат во електронска форма потпишани со квалификуван дигитален сертификат“.

Член 2

Во Правилникот, во Прилог 1, Формулар ОГБЕ 1 и во Прилог 2, Формулар ОГБЕ 2 по зборот „потпис„ се додаваат зборовите „односно квалификуван дигитален сертификат“.

Член 3

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за определување на задолжителна структура и начинот на пресметка на основната главнина на берза и на средствата што ја сочинуваат основната главнина на берзата.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 03-168/3
18 март 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

1757.

Врз основа на член 20 став (1) алинеја 13, а во врска со член 38 од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13 и 43/14), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ НА ХРАНА КОЈА СОДРЖИ ИЛИ СЕ СОСТОИ ОД ЛИСТОВИ БЕТЕЛ (PIPER BETLE) ОД БАНГЛАДЕШ(*)

Член 1

Со ова решение се забранува увоз на храна во Република Македонија која содржи или се состои од листови бетел (Piper betle) од Бангладеш.

Член 2

Забраната од членот 1 на ова решение се однесува на сите прехранбени производи кои во себе содржат или се состојат од листови бетел (Piper betle) со тарифен број 1404 90 00 кои потекнуваат или доаѓаат од Бангладеш.

(*)Со ова решение се врши усогласување со Одлуката на Комисијата за спроведување од 13 февруари 2014 за повлекување на привремениот увоз од Бангладеш на храна која содржи или се состои од листови бетел, CELEX бр. 32014D0088.

Член 3

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија" и ќе се применува до 31 јули 2014 година.

Директор
на Агенцијата за храна
и ветеринарство,
Дејан Рунтевски, с.р.

Бр. 16-1724/3
24 март 2014 година
Скопје

1758.

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11 и 123/12), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСНИ МЕРКИ ПРИ УВОЗ И ТРАНЗИТ ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА АФРИКАНСКА СВИНСКА ЧУМА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД ОДРЕДЕНИ ТРЕТИ ЗЕМЈИ И ДЕЛОВИ ОД ТРЕТИ ЗЕМЈИ (*)

Член 1

Во Решението за преземање на безбедносни мерки при увоз и транзит заради заштита од внесување на вирусот на африканска свинска чума во Република Македонија од одредени трети земји и делови од трети земји („Службен весник на Република Македонија" бр. 161/13), во член 2 во точката 1) зборовите "или за транспорт на храна за животни" се бришат.

Член 2

Во член 3 во ставот (2) зборовите "или храната за исхрана на животни" се бришат.

Член 3

Членот 4 се менува и гласи:

"(1) Официјалниот ветеринар на граничен премин на влез во Република Македонија врши визуелен преглед на возилото за транспорт од Русија и Белорусија со цел да утврди дали истите се задоволително исчистени и дезинфицирани.

(2) Доколку прегледот од став (1) на овој член покаже дека чистењето и дезинфекцијата не е задоволително, официјалниот ветеринар на граничен премин на влез во Република Македонија ги презема следните мерки:

1) наредува соодветно чистење и дезинфекција на возилата за транспорт на соодветно определено место за таа намена од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство и колку што е можно поблиску до граничниот премин на влез во Република Македонија;

2) доколку не постои соодветно определено место за чистење и дезинфекција во близина на граничниот премин на влез во Република Македонија или постои ризик со неисчистеното возило за транспорт да се внесе вирусот на африканска свинска чума во Република Македонија:

- го забранува влезот на возилото за транспорт или

- наредува на службите одобрени за вршење на дезинфекција, дезинсекција и дератизација на самото место да извршат првична дезинфекција на возилото за транспорт кое не е задоволително исчистено и дезинфицирано, пред да се спроведат мерките од точката 1) на овој став во рок од 48 часа од пристигнување на возилото на граничниот премин на влез.

(3) За извршениот преглед со задоволителен резултат се издава сертификат чија копија се доставува и на одговорното лице за транспорт на возилото.

(4) Формата и содржината на сертификатот од став (3) на овој член се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на ова решение."

Член 4

По членот 4 се додава нов член 4-а кој гласи:

" 4-а

Официјалниот ветеринар на граничен премин на влез во Република Македонија може на било кое возило, вклучително и возилото кое транспортира храна за животни, за кое не е исклучен значителен ризик за внесување на болеста африканска свинска чума на територијата на Република Македонија, да наложи на самото место вршење на првична дезинфекција на тркалата или било кој друг дел од возилото кој се смета за неопходен за намалување на ризикот. "

Член 5

Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Директор
на Агенцијата за храна
и ветеринарство,
Дејан Рунтевски, с.р.

Бр. 02-1817/2
24 март 2014 година
Скопје

(*) Со ова решение се врши усогласување со одредбите на Одлуката на Комисијата за Имплементација бр. 2014/84/ЕУ од 12 февруари 2014 година за изменување на Одлуката за Имплементација бр. 2013/426/ЕУ за мерките за превенција од внесување во Унијата на вирусот на Африканска свинска чума од одредени трети земји или делови од територии на трети земји во кои присуството на таа болест е потврдено и со која се повлекува Одлуката 2011/78/ЕУ, CELEX бр. 32014D0084

Прилог 2

Сертификат за чистење и дезинфекција на возилата за транспорт на живи животни кои влегуваат во Република Македонија од трети земји или делови од трети земји каде е потврдено присуство на вирусот на африканска свинска чума/
Cleansing and disinfection certificate for livestock vehicles entering Republic of Macedonia from third countries or parts of the territory of third countries where the presence of African swine fever is confirmed

Јас, долупотпишаниот официјален ветеринар потврдувам дека го прегледав:/I, the undersigned official certify that I have checked:

1. возилото(ата) за транспорт на живи животни со регистарски таблички ..... денес и со визуелна контрола најдов дека
(внесете го бројот(евите) на регистарските таблички)
делот од возилото за чување или натовар на животните, [приколката на возилото](1), натоварната рампа, опремата која била во контакт со животните, кабината на возачот и заштитната облека/обувки кои се користат при растовар, се задоволително исчистени./ the livestock vehicle(s) with the registration plate(s) .....
(insert number(s) of registration plate(s))
today and by visual control found the livestock or loading compartment, [the truck body](1), the loading ramp, the equipment having been in contact with animals, the wheels and the driver's cabin and protective clothes/boots used during unloading satisfactorily cleansed.

2. информацијата доставена во форма на изјава наведена во Прилог 2 од Решението за примена на мерки за заштита од внесување на вирусот на африканска свинска чума во Република Македонија од одредени трети земји и делови од трети земји односно еквивалентниот Анекс II на Имплементирачка Одлука на Комисијата 2013/426/ЕУ или друга еквивалентна форма која ги опфаќа точките дадени во Прилогот 2 од Решението за примена на мерки за заштита од внесување на вирусот на африканска свинска чума во Република Македонија од одредени трети земји и делови од трети земји односно еквивалентниот Анекс II на Имплементирачка Одлука на Комисијата 2013/426/ЕУ.
/the information presented in the form of a declaration as set out in Annex 2 of the Decision on implementation on measures to prevent the introduction of the African swine fever virus into the Republic of Macedonia from certain third countries or parts of the territory of third countries or equivalent Annex II to Commission Implementing Decision 2013/426/EU or in another equivalent form covering the items set out in Annex 2 of the Decision on implementation on measures to prevent the introduction of the African swine fever virus into the Republic of Macedonia from certain third countries or parts of the territory of third countries or equivalent Annex II to Commission Implementing Decision 2013/426/EU.

Датум/Date	Време/Time	Место/Place	Надлежен орган /Competent authority	Потпис на официјалниот ветеринар/Signature of the official (*)
Stamp/Печат:	Име со печатни букви/Name in block letters: ……			
(*) Бојата на печатот и потписот мора да биде различна од онаа во која пелатен текстот. The colour of the stamp and the signature must be different from that of the printing.				

1759.

Врз основа на член 57 став (1) алинеја 1 од Законот за ветеринарно здравство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11 и 123/12), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесе

Н А Р Е Д Б А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА НАРЕДБА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ ВО 2014 ГОДИНА

Член 1

Во Годишната наредба за здравствена заштита на животните во 2014 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 41/14), во членот 1 точка 7 подточка 7.1 во ставот (4) зборот "вакумтејнери" се заменува со зборовите "стаклени епрувети кои се тенкослојни, антихемолитични со димензии 16x100".

Член 2

Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-557/6
19 март 2014 година
Скопје

Директор,
Дејан Рунтевски, с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2014 година изнесува 10.100,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2014056